## “Македонијатурист”А.Д. -Скопје

*Филип Втори Македонски 5, 1000 Скопје, Македонија*

Врз основа од  Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010,135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015,23/2016 и 248/2018) и Правилата за котација на Македонската берза за известување на акционерските друштва со посебни обврски за известување како **прилог кон неревидираните** тримечни финансиски извештаи  поднесуваме:

**КОМЕНТАР НА БИЛАНСОТ НА УСПЕХ**
**На Македонијатурист ХУАД - Скопје за период  01.01.-31.03.2023 година**

**Финансиски податоци  на акционерското друштво**

- Друштвото во трите  месеци од  2023 година од пружените хотелски и ресторански услуги како основна дејност како и од други споредни дејности **оствари  негативен финансиски резултат односно загуба од 13,86 мил. денари.**

- **Вкупните приходи** за трите месеци од 2023 год. изнесуваат **53,40 мил. денари** и се зголемени за 28%  додека пак приходите од продажба на Друштвото се зголемени за 21% во однос на истиот период минатата 2022 година.

- **Вкупните трошоци и расходи** од работењето за трите месеци од 2023 год. изнесуваат **67,26 мил. денари** и се зголемени за  43%  во однос на 2022 година.

- И покрај остварениот  негативен финансиски резултат во привите три месеци од годината, **финансиски показатели** како што се степенот на финансиска сигурност, степенот на самофинансирање и општата ликвидност на Друштвото се на доста високо ниво.

  Со оглед на тоа дека цената на електричната енергија и останатите енергенси е значително зголемена во однос на минатите периоди и нејзиното учество е големо во вкупните трошоци на Друштвото, Друштвото превзема низа мерки со цел намалување на негативните ефекти од кои најзначајна е започнувањето на инвестициската активност за поставување на фотонапонски централи на дел од Подружниците. Со оваа инвестициска активност се очекува да се намали негативниот ефект од зголемената цена на електричната енергија.

- **Сметководствени политики и методи на вреднување**

  Во период од 01.01-31.03.2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во ревидираните финансиските извештаи на Македонијатурист АД - Скопје.

- **Дивиденда**

  На годишна седница на Собранието на акционери одржана на 19.04.2023 година, донесена е Одлука за исплата на дивиденда за 2022 година во бруто износ од 52.870.128 денари.

- **Обврски по кредити**

  “Македонијатурист” АД Скопје во извештајниот период нема нови кредитни задожениja.

- **Инвестиции**

  “Македонијатурист“ АД Скопје во текот на трите месеци од  2023 изврши нови вложувања во износ од 737.679 денари во градежните објекти, за набавка на опрема и за одржување на постојната опремата во своите објекти.

  Друшвото постојано своите  инвестициски активности  во континуитет ги насочува кон реновирање и модернизација на постојните хотелски и ресторански капацитети, кон подобрување на условите за работа, почитување на протоколите за заштита на здравјето, спроведување на новите законски регулативи и задолжително спроведување на нови стандарди за брендираните хотели и тековно одржување.

  Во извештајниот период Друштвото нема продажба и отпис на постројки и опрема.

- **Вложувања во краткорочни хартии од вредност –удели во отворени инвестициски фондови во земјата**

  “Македонијатурист“ АД Скопје во текот на првите три месеци од 2023 година нема извршено вложувања во краткорочни хартии од вредност – удели во отворени инвестициски фондови.

- **Вложувања во хартии од вредност расположиви за продажба**

  “Македонијатурист“ АД Скопје во извештајниот период изврши вложувања во износ од 2.222.205 денари во хартии од вредност расположиви за продажба.

- **Планирани активности**

  Планираните активности на “Македонијатурист“ АД Скопје за 2023 год. се во согласност со сите законски регулативи, како и со стратегијата за развој на Друштвото

  Главните инвестициски активности на Друштвото во текот на 2023 година ќе бидат насочени кон реализирање на дополнителни активности поврзани со процесот за целосното реновирање на Хотелот Холидеј Ин, како и инвестициските активности намалување на негативните последици од енегетската криза.

Останатите инвестициски активности превидени за 2023 година се однесуваат на модернизација и санација на остантите капацитети со кои располага Друштвото.

Имајќи во предвид дека Друштвото сеуште работи на справување со негативните последици на глобална пандемија на вирусот  Ковид-19, како и со намалување на негатвните ефекти од енргетската криза, главните активности на Друштвото ќе бидат насочени кон што е можно поефикасно користење на ресурсите со кои располага, почитување на здравствените протоколи за заштита на здравјето на гостите и вработените, намалување на трошоците, се со цел да се намали негативното влијание на глобалната пандемија и да се подоби финансискиот резултат во наредниот период

Македонијатурист АД- Скопје